ЈАВЕН ПОВИК ЗА 2027 ГОДИНА

Постапка, услови и начин за избор на соработници за управување со отпадни масла

ОИЛТЕК ДОО Скопје, со седиште на бул. Трета македонска бригада бр. 72, Скопје, како колективен постапувач, ги поканува заинтересираните правни и физички лица со соодветни важечки дозволи да достават понуда за соработка за 2027 година.

Повикот се објавува согласно член 29 став (13) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и применливите прописи за управување со отпад.

1 Предмет на повикот

Соработката опфаќа една или повеќе од следните активности, во рамките на дозволите што ги поседува понудувачот:

- Собирање на отпадни масла;
- Транспорт и привремено складирање на отпадни масла;
- Третман, преработка и/или рециклирање на отпадни масла;
- Развој и одржување на соодветна инфраструктура за овие активности.

2 Услови за учество

- Важечка дозвола од надлежниот орган за активноста и видовите отпад за кои се доставува понудата;
- Соодветни технички, кадровски и логистички капацитети за извршување на понудените активности;
- Обезбедена следливост на отпадот, уредна евиденција и исполнување на обврските за известување.

Право на учество имаат субјектите на кои применливите прописи им дозволуваат да ја вршат соодветната активност.

3 Времетраење на повикот

Повикот е отворен континуирано во текот на 2027 година, до исполнување на целите утврдени од ОИЛТЕК ДОО. Заинтересираните понудувачи можат да доставуваат понуди во текот на овој период.

4 Постапка и критериуми за избор

Доставените понуди ќе се разгледуваат периодично. Најнапред ќе се проверуваат комплетноста на документацијата, важноста и опфатот на дозволите и исполнувањето на условите за учество.

Понудите што ги исполнуваат условите ќе се оценуваат според техничкиот и оперативниот капацитет, територијалната покриеност, можноста за навремено извршување, обезбедената следливост и понудените цени и услови за соработка, согласно потребите на ОИЛТЕК ДОО.

Изборот ќе се врши транспарентно, со почитување на правилата на конкурентност и заштита на пазарот. Со избраните субјекти ќе се склучуваат договори со времетраење од најмалку една фискална година, во согласност со применливите прописи.

5 Документација кон понудата

- Копија од важечката дозвола, со релевантните прилози за активностите и видовите отпад;
- Краток опис на техничките, кадровските и оперативните капацитети и подрачјето на работа;
- Предлог цени и услови за соработка за активностите за кои се доставува понуда;
- Назив или име на понудувачот, адреса, контакт лице, телефон и е-пошта.

Некомплетните понуди нема да бидат разгледувани.

6 Начин на доставување

Понудите се доставуваат по е-пошта или на адресата на ОИЛТЕК ДОО Скопје:

Е-пошта: oiltek.kontakt@gmail.com

Адреса: бул. Трета македонска бригада бр. 72, 1000 Скопје

Назнака: „Понуда за соработка за управување со отпадни масла за 2027 година“.

7 Евиденција и известување

Избраните субјекти се должни да водат уредна евиденција и да доставуваат податоци и извештаи за количините и видовите отпад со кои постапиле за ОИЛТЕК ДОО, согласно прописите и склучениот договор. Годишниот извештај за 2027 година се доставува до ОИЛТЕК ДОО најдоцна до 31 јануари 2028 година.

ОИЛТЕК ДОО го задржува правото на контрола и проверка на исполнувањето на договорните обврски, согласно закон.

ОИЛТЕК ДОО Скопје